Уп. бр.08-127

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Медиковер Инвестмент Б.В. (Medicover Investment B.V.), со седиште на ул. Луцхтхавенуег 81, Унит, 230А, 5657ЕА Ајндховен, Холандија, преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 23.09.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Медиковер Инвестмент Б.В. (Medicover Investment B.V.), со седиште на ул. Луцхтхавенуег 81, Унит, 230А, 5657ЕА Ајндховен, Холандија стекнува директна единствена контрола врз следните друштва:

- Синлаб Хрватска – Поликлиника за медицинско лабораториска дијагностика (Synlab Hrvatska – Poliklinika za medicinsko laboratorijsku dijagnostiku) со седиште на Ул. Мирослава Краљевича 24, 10 000 Загреб, Хрватска;
- Синлаб Кипар Лтд, (Synlab Cyprus Ltd) со седиште на Ул. Пираеус 36, 2023 Строволос, Никосиа, Кипар;
- Адриа Лаб Лабораториска диагностика д.о.о. (Adria La Laboratorijska diagnostika d.o.o.) со седиште на Шестова улица 2, 1000 Љубљана, Словенија;
- Акционерско друштво за здравствени услуги индустрија и трговија Синлаб Турк (Synlab Turk Saglik Hizmetleri Sanayi Ve Ticaret Anonim Sirketi) со седиште на ул. Балгат Мах. Зијабеј Џад. Бр: 46а Чанкаја, Анкара Турција;
- Синлаб Вест СРЛ (Synlab West SRL) со седиште на 45 Тудор Владимиреску Блвд., Канцеларија бр. 1, 4-ти спрат, дистрикт 5, Букурешт, Романија и
- Приватна здравствена установа Синлаб Скопје со седиште на ул. Огњен Прица бр. 1 – локал/ 3, 4, 5 Скопје - Кисела Вода, Скопје, Северна Македонија,

иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на

Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 23.08.2024 година а дополнето на 27.08.2024 година и 03.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Медиковер Инвестмент Б.В. (Medicover Investment B.V.), со седиште на ул. Луцхтхавенуег 81, Унит, 230А, 5657ЕА Ајндховен, Холандија, со која Медиковер Инвестмент Б.В. (Medicover Investment B.V.) Ајндховен, Холандија стекнува директна единствена контрола врз следните друштва: Синлаб Хрватска – Поликлиника за медицинско лабораториска дијагностика (Synlab Hrvatska – Poliklinika za medicinsko laboratorijsku dijagnostiku) со седиште на Ул. Мирослава Кралјевича 24, 10 000 Загреб, Хрватска; Синлаб Кипар Лтд, (Synlab Cyprus Ltd) со седиште на Ул. Пираеус 36, 2023 Строволос, Никосиа, Кипар; Адриа Лаб Лабораториска диагностика д.о.о. (Adria La Laboratorijska diagnostika d.o.o.) со седиште на Шестова улица 2, 1000 Љубљана, Словенија; Акционерско друштво за здравствени услуги индустрија и трговија Синлаб Турк (Synlab Turk Saglik Hizmetleri Sanayi Ve Ticaret Anonim Sirketi) со седиште на ул. Балгат Мах. Зијабеј Џад. Бр: 46а Чанкаја, Анкара Турција; Синлаб Вест СРЛ (Synlab West SRL) со седиште на 45 Тудор Владимиреску Блвд., Канцеларија бр. 1, 4-ти спрат, дистрикт 5, Букурешт, Романија и Приватна здравствена установа Синлаб Скопје со седиште на ул. Огњен Прица бр. 1 – локал/ 3, 4, 5 Скопје - Кисела Вода, Скопје, Северна Македонија. Медиковер Инвестмент Б.В. ќе стекне 98 % од уделите во Приватна здравствена установа Синлаб Скопје.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Медиковер Инвестмент Б.В. е индиректно претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Медиковер АБ (пабл) (*Medicover AB (publ)*), кое е матичното друштво на групацијата на друштва Медиковер, водечки меѓународен давател на здравствени и дијагностички услуги основана во 1995 година ("Групацијата Медиковер"). Хартиите од вредност на Медиковер АБ (пабл) котираат на стокхолмската берза Насдак. Групацијата Медиковер управува со голем број амбулантски клиники, болници, установи за специјализирана нега, лаборатории и пунктови за вадење крв, преку две дивизии- Услуги за здравствена заштита и Дијагностички услуги, и неговите најголеми пазари се Полска, Германија, Романија, Индија и Украина.

Медиковер Инвестмент Б.В. првенствено функционира како инвестициски субјект во рамките на корпоративната структура на групацијата и обезбедува инвестициски услуги кои го поддржуваат стратешкиот раст и финансиското работење на Групацијата Медиковер.

Групацијата Медиковер не е активна преку подружници, претпријатија-ќерки или претставништва и не обезбедува никакви лабораториски дијагностички услуги во Северна Македонија.

Синлаб Хрватска – Поликлиника за медицинско лабораториска дијагностика Загреб Хрватска се занимава со специјалистичка и консутативна здравствена заштита, дијагностика и медицинска рехабитилација со исклучок на болничко лекување во обласа на медицинската биохемија, микробиологија со паразитологија, патологија и цитологија.

Синлаб Кипар Лтд, Кипар се занимава со клинички лаборатории.

Адриа Лаб Лабораториска диагностика д.о.о. Љубљана, Словенија се занимава со други здравствени услуги.

Акционерско друштво за здравствени услуги индустрија и трговија Синлаб Турк Анкара Турција се занимава со дејности на медицински лаборатории (освен дејности на судска медицина и стоматолошки лаборатории) (надвор од болниците).

Синлаб Вест СРЛ Букурешт, Романија се занимава со трговија на големо со фармацевтски производи.

Приватна здравствена установа Синлаб Скопје е дијагностичка лабораторија со биохемиска и микробиолошка лабораторија и е дел од Групацијата СИНЛАБ која е водечки партнер во медицинските дијагностички услуги и специјалистичко тестирање во Европа. Групацијата нуди целосен опсег на иновативни и доверливи медицински дијагностички методи на пациенти, лекари, болници и клиники, влади и корпорации. Услугите на СИНЛАБ во Северна Македонија вклучуваат услуги во областа на хуманата медицина, клиничка хемија, хематологија, коагулација, микробиологија, серологија, имунологија, генетика, молекуларна биологија, патологија, цитологија, ендокринологија и породилна нега.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**